# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 1, година XLV**
**Понеделник, 03.02.2014**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за прифаќање Информацијата за активностите на Градоначалникот и извршување на одлуките на Советот на Општината за период јули-декември 2013 г.**

1. Го објавувам Заклучокот за прифаќање Информацијата за активностите на Градоначалникот и извршување на одлуките на Советот на Општината за период јули-декември 2013 г., донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

| | |
|---|---|
| Бр. 08-165/1 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 03.02.2014 год. | на Општината Битола, |
| Б и т о л а | д-р Владимир Талески |

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ" бр. 05/02) и член 54 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за прифаќање Информацијата за активностите на Градоначалникот и извршување на одлуките на Советот на Општината за период јули-декември 2013 г.**

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за активностите на Градоначалникот и извршување на одлуките на Советот на Општината за период јули-декември 2013 г.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола".

| | |
|---|---|
| Бр.07-01/3 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 30.01.2014 г. | на Советот на Општината Битола |
| Б и т о л а | д-р Силвана Ангелевска |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за утврдување максималниот број на такси возила со кои може да се врши авто такси превоз на патници на подрачјето на Општината Битола**

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување максималниот број на такси возила со кои може да се врши авто такси превоз на патници на подрачјето на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 28 став 1 од Законот за изменување и дополнување на законот за превоз во патниот сообраќај („Сл. весник на РМ“ бр.127/06) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2014 год. донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување максималниот број на такси возила со кои може да се врши авто такси превоз на патници на подрачјето на Општината Битола

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува максималниот број на такси возила со кои може да се врши авто такси превоз на патници на подрачјето на Општината Битола.

### Член 2

Максималниот број на такси возила со кои може да се врши авто такси превоз на патници на подрачјето на Општината Битола е 400 (четиристотини).

### Член 3

Секое такси возило задолжително треба да поседува важечки извод од лиценца за авто такси превоз на патници издаден од Општината Битола.

### Член 4

Секое авто такси возило задолжително треба да биде обележано со налепница (Прилог 1) која што ја издава Општината Битола, по претходно доставени важечки лиценца и извод од лиценца за авто такси превоз на патници.

Налепницата е со димензии 210x297 мм. (А4 формат) и го содржи серискиот број на изводот од лиценца за тоа возило.

Управителот на правното лице кое поседува важечки лиценца и извод од лиценца за авто такси превоз поднесува барање до Општината Битола за добивање налепница.

Општината Битола издава по две налепници со ист сериски број за едно возило и истите управителот на правното лице должен е да ги постави од надворешната страна на задните врати.

### Член 5

Авто такси возило може да биде паркирано на места предвидени за ваков вид на превоз доколку поседува важечки извод од лиценца и налепници издадени од Општината Битола.

### Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-01/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за определување на висината на благајничкиот максимум

1. Ја објавувам Одлуката за определување на висината на благајничкиот макси-

мум, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/3
03.02.2014 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа ( „Сл.весник на РМ‘‘ бр. 05/2002), член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05) и член 7а од Законот платен промет („Службен весник на РМ‘‘ бр. 32/1, 50/01, 52/01, 37/02, 41/02, 61/02, 42/03 и 13/06), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 30.01.2014 година, донесе

## ОДЛУКА
## за определување на висината на благајничкиот максимум

**Член 1**

Со оваа одлука се определува висината на благајничкиот максимум што може да се подигни и држи во готови пари .

**Член 2**

Висината на благајничкиот максимум на готови пари кој може да се држи во благајната изнесува 100.000,00 денари

Висината на благајничкиот максимум на готови пари-девизни средства кој може да се држи во касата изнесува до

– 3.000 евра од програма АО
– 3.000 евра од програма ЕО
– 3.000 евра од програма ДО

Висината на бонови за гориво која може да се држи во благајна изнесува 200.000 денари.

**Член 3**

Средствата од благајничкиот максимум може да се користат за плаќање на производи и услуги кои поединечно не може да бидат повеќе од 6.000 денари.

**Член 4**

Условите и начинот на наплата како и располагањето и плаќањето со пари ќе биде согласно Упатството донесено од страна на Министерот за финансии.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-01/5
30.01.2014 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за определување критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општината Битола за одредени категории на физички лица

1. Ја објавувам Програмата за определување критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општината Битола за одредени категории на физички лица, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/4
03.02.2014 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на чл.36 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на РМ“ бр.05/02) и чл.70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината

Битола на седницата одржана на 30.01.2014 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за определување критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општината Битола за одредени категории на физички лица

**Член 1**

Со оваа Програма се определуваат критериумите врз основа на кои може да се додели финансиска помош на одредени категории на физички лица.

**Член 2**

Право на добивање на финансиска помош од Буџетот на Општината Битола имат лица од ранлива категорија, социјален ризик и физички лица, за кои Градоначалникот или Комисијата за финансии и буџет ќе одлучат дека има потреба согласно приложената документација.

**Член 3**

Добивање на финансиската помош на погореспоменатите категории на лица, е можна по доставено барање (име, презиме, адреса, матичен број и трансакциона сметка) до Комисијата за финансии и буџет при Советот на Општината Битола или до Градоначалникот на Општина Битола, со приложени извештаи од специјалисти и друга документација – не постара од 6 месеци.

Барањата ќе се разгледуваат лично од Градоначалникот или на седница на Комисијата за финансии и буџет.

**Член 4**

Финансиската помош од Буџетот на Општината Битола на физички лица се состои во еднократна парична помош.

**Член 5**

Минималниот износ изнесува 3000 денари, а максимален износ кој можат да ги добијат барателите може да биде до 50.000 денари – врз основа на приложената документација.

Советот на Општината Битола одлучува за исплата на финансиска помош над 50.000 денари согласно законот.

**Член 6**

Општинската администрација, барателот писмено го известува за прифаќање или одбивање на барањето. Известувањето е конечно.

Комисијата му предлага на Градоначалникот да ги реализира средствата за финансиска помош на физичките лица.

**Член 7**

Доделените средства се пренесуваат на сметка на барателот.

**Член 8**

Ист барател може да достави само едно барање во текот на календарската година.

**Член 9**

Комисијата има право да го одбие доставеното барање доколку тоа не е поткрепено со соодветна документација или не е доставена дополнителна документацијата која била побарана од барателот.

**Член 10**

Програмата влегува во сила со денот на објавувањто во „Службен гласник на Општината Битола“.

| | |
|---|---|
| Бр.07-01/6 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 30.01.2014 г. | на Советот на Општината Битола |
| Б и т о л а | д-р Силвана Ангелевска |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на УП за село Карамани - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на УП за село Карамани - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 17-а став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање на иницијатива за изработка на УП за село Карамани - Општина Битола

### Член 1

Се прифаќа иницијативата поднесена од Душан Мацанковски од Битола, за изработка на УП за село Карамани со разработка на Блок 1 - Општина Битола, во кој влегува и КП бр. 395/2 м.в. „Село„ КО Карамани.

### Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на УП за село Карамани со разработка на Блок 1 - Општина Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-01/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на ДУП за Блок „Стар Прогрес“ - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на

ДУП за Блок „Стар Програс“ - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 17-а став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 30.01.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## За прифаќање на иницијатива за изработка на ДУП за Блок „Стар Прогрес“- Општина Битола,

### Член 1

Се прифаќа иницијативата поднесена од ДОО „РИК ЕКСПОРТ“, за изработка на ДУП за Блок „Стар Прогрес“ - Општина Битола во кој влегува и КП бр. 17561 КО Битола - Општина Битола.

### Член 2

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за Блок „Стар Прогрес“ - Општина Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-01/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за изградба на угостителски објект со намена Б3, м.в. „Коривче“ КО Нижеполе - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за изградба на угостителски објект со намена Б3, м.в. „Коривче“ КО Нижеполе - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање-за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012, 55/13 и 163/13) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05) Советот на Општина Битола на седницата одржана на 30.01.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за изградба на угостителски објект со намена Б3, м.в. „Коривче“ КО Нижеполе - Општина Битола

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за изградба на угостителски објект со намена Б3, м.в. „Коривче“ КП бр. 111 и КП бр.114 КО Нижеполе - Општина Битола.

Опфатот на вака предложената ЛУПД е дефиниран со границите на КП Бр. 111 и КП Бр. 114 и површина од 3173 м2.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ЛУПД за изградба на угостителски објект со намена Б3, м.в. „Коривче“ КО Нижеполе - Општина Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-01/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 2 дел БЛОК 5 И БЛОК 6 - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО

ПОДРАЧЈЕ 2 дел БЛОК 5 И БЛОК 6 - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ” бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012, 55/13 и 163/13) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување Нацрт ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 2 дел БЛОК 5 И БЛОК 6 - Општина Битола

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА Нацрт ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 2 дел БЛОК 5 И БЛОК 6 - Општина Битола.

**Член 2**

По Нацрт Планот ќе се организира Јавна презенатација и јавна анкета.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-01/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на ДУП за „Градски Пазар“ - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање на иницијатива за изработка на ДУП за „Градски Пазар“ - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 17-а став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање на иницијатива за изработка на ДУП за ,,Градски Пазар“ - Општина Битола

**Член 1**

Се прифаќа иницијативата поднесена од ЈП „ Пазари“, за изработка на ДУП за „Градски Пазар“ - Општина Битола.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП „Градски Пазар“ - Општина Битола, ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-01/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Олевени во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Олевени во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Олевени во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти во КО Олевени со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

1. КП бр.21/2 КО Олевени
2. КП бр.22/3 и 22/4 КО Олевени
3. КП бр.22/5 КО Олевени
4. КП бр.22/8 КО Олевени
5. КП бр.22/9 КО Олевени
6. КП бр.23/2 КО Олевени
7. КП бр.25/5 КО Олевени
8. КП бр.26/1 КО Олевени
9. КП бр.31/2 КО Олевени
10. КП бр.32/1 КО Олевени
11. КП бр.33/5 КО Олевени
12. КП бр.34/2 КО Олевени
13. КП бр.42/2 КО Олевени
14. КП бр.42/9 КО Олевени
15. КП бр.49/4 КО Олевени
16. КП бр.49/6 КО Олевени
17. КП бр.84/1 КО Олевени
18. КП бр.84/2КО Олевени
19. КП бр.84/6КО Олевени
20. КП бр.85КО Олевени
21. КП бр.112/4КО Олевени
22. КП бр.114/1КО Олевени
23. КП бр.114/2КО Олевени
24. КП бр.117КО Олевени
25. КП бр.461/6 КО Олевени
26. КП бр.727КО Олевени

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-01/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Нижеполе во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Нижеполе во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Нижеполе во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти во КО Нижеполе со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

**1.** КП бр.128/1 КО Нижеполе
**2.** КП бр.526/8 КО Нижеполе
**3.** КП бр.603 КО Нижеполе

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-01/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Горно Орехово во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Горно Орехово во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Горно Орехово во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект во КО Горно Орехово со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

**1.** КП бр.343/2 КО Горно Орехово

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-01/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Долно Оризари во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Долно Оризари во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/13 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на

Општина Битола на седницата одржана на 30.01.2014 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Долно Оризари во идна урбанистичко планска документација

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти во КО Долно Оризари со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

**1.** КП бр.1115 КО Долно Оризари
**2.** КП бр.1181 КО Долно Оризари
**3.** КП бр.1604 КО Долно Оризари
**4.** КП бр.1799КО Долно Оризари
**5.** КП бр.1819КО Долно Оризари
**6.** КП бр.1828КО Долно Оризари
**7.** КП бр.1830КО Долно Оризари
**8.** КП бр.1837/13КО Долно Оризари
**9.** КП бр.1855КО Долно Оризари

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-01/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за користење на просторот во зоната во текот на градбата, по завршувањето на истата како и организирање на комуналните дејности во границите на зоната

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за користење на просторот во зоната во текот на градбата, по завршувањето на истата како и организирање на комуналните дејности во границите на зоната, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општинта Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2014 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за користење на просторот во зоната во текот на градбата, по завршувањето на истата како и организирање на комуналните дејности во границите на зоната

1. СЕ УСВОЈУВА Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за користење на просторот во зоната во текот на градбата, по завршувањето на истата како и организирање на комуналните дејности во границите на зоната.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-01/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура, начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето во Општина Битола

1. Го објавувам Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура, начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето во Општина Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 83 став 4 од Законот за градежно земјиште („Сл. весник на РМ“ бр. 17/11, 53,11, 144/12, 25/13 и 163/13), Правилникот за степенот на уредување на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Сл. весник на РМ“ бр. 93/11, 65/12, 75/12, 98/12, 133/13, 155/13) и врз основа на член 22 точка 26 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2014 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## за измена и дополнување на Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура, начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето во Општина Битола

### Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура, начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето во Општина Битола бр. 09/2013 и тоа:

Во членот 13 во Табелата за коефициентите, после точка 6 се додаваат две нови точки 7 и 8 кои гласат:

„7. ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ, ПЕНЗИОНЕРСКИ ДОМОВИ И ДОМОВИ ЗА СТАРИ ЛИЦА

| | коеф. |
|---|---|
| - сите простории | 0,05 |

8. ЗА ОБЈЕКТИ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

| | коеф. |
|---|---|
| - сите простории | 0,05 |

### Член 2

Правилникот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-01/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија-Мара“ Битола за работа на воспитните групи со поголем број на деца во ДГ „Пролет“, ДГ „Снегулка“, ДГ „Вангел Мајоро“, ДГ „Росица“ и ДГ „Колибри“**

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија-Мара“ Битола за работа на воспитните групи со поголем број на деца во ДГ „Пролет“, ДГ „Снегулка“, ДГ „Вангел Мајоро“, ДГ „Росица“ и ДГ „Колибри“, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 64 точка 5 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/2013) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2014 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија-Мара“ Битола за работа на воспитните групи со поголем број на деца во ДГ „Пролет“, ДГ „Снегулка“, ДГ „Вангел Мајоро“, ДГ „Росица“ и ДГ „Колибри“**

1. СЕ ДАВА согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија-Мара“ Битола за работа на воспитните групи со поголем број на деца во ДГ „Пролет“, ДГ „Снегулка“, ДГ „Вангел Мајоро“, ДГ „Росица“ и ДГ „Колибри“ бр. 02-391/5 од 06.12.2013 година, донесена на седницата на Управниот одбор на Установата одржана на 06.12.2013 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-01/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОСМУ„Д-р Јован Калаузи“Битола**

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОСМУ„Д-р Јован Калаузи“Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 39 од Законот за измени и дополнување на Законот за средно образование („Сл. весник на РМ“ бр.67/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“

бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2014 год. донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОСМУ„Д-р Јован Калаузи“Битола

1. Од Училишниот одбор на ОСМУ„Д-р Јован Калаузи“ Битола се разрешуваат: Соња Живковиќ-Георгиевска, Аница Божиновска и Анета Георгиевска, а се именуваат:

- Елизабета Крстановска – д-р специјалист,
- Александар Мирчевски – електро инжинер,
- Александар Петровски – дипл. биотехнолог.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-01/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОЕУ„Јане Сандански“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОЕУ„Јане Сандански“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 39 од Законот за измени и дополнување на Законот за средно образование (“Сл.весник на РМ“ бр.67/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола (“Сл.гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2014 год. донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОЕУ „Јане Сандански“ Битола

1. Од Училишниот одбор на СОЕУ „Јане Сандански “Битола се разрешуваат: Борис Тодорчевски, Марија Грујовска и Ристе Грујовски, а се именуваат:

- Љубе Никлески – м-р по економски науки,
- Горан Ѓурчиновски – дипл.машински инжинер и
- Оливер Трајковски – сообраќаjен инжинер.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-01/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола од редот на вработените

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување член во Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола од редот на вработените, донесено на

седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа член 114 став 16 од Законот за заштита на децата („Сл. весник на РМ“ бр.23/2013) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2014 год. донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување членови во Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола од редот на вработените**

1. Од Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“Битола од редот на вработените се разрешува: Сузана Андоновска, а се именува:

- Сузана Андоновска - стоматолог.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-01/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за дополнување на Решението за формирање на Партиципативно тело за просторно и урбанистичко планирање на Општината Битола**

1. Го објавувам Решението за дополнување на Решението за формирање на Партиципативно тело за просторно и урбанистичко планирање на Општината Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 30.01.2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-165/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
03.02.2014 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 17 точка 6 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 24/08) пречистен текст и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 30.01.2014 год. донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за дополнување на Решението за формирање на Партиципативно тело за просторно и урбанистичко планирање на Општината Битола**

1. Со ова Решение се дополнува Решението за формирање на Партиципативно тело за просторно и урбанистичко планирање на Општина Битола ( „Сл. гласник на Општина Битола“ бр.15/2013 ) и тоа:

Во точка 1 став 3, после алинеја 7 се додава нова алинеја 8 која гласи:

- Зоран Алтипармаков, дипл.архитект

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-01/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
30.01.2014 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Согласно Одлуката на Советот на Општината Битола бр. 07-97/12 од 25.01.2008 год. за основање на ЈП СИЗ Жабени како и Одлуката на Советот на Општината Битола бр. 07-1934/3 од 30.09.2010 година за давање на поволни услови за инвестиции во Индустриската зона Жабени објавена во „Службен гласник на Општината Битола", Статутот на ЈП СИЗ Жабени член 7 СП СИЗ Жабени го предлага следниот

# П Р А В И Л Н И К
## за измена и дополнување на Правилникот за користење на просторот во Зоната во текот на градбата, по завршувањето на истата како и организирање на комуналните дејности во границите на зоната

Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за користење на просторот во зоната на текот на градбата по завршувањето на истата како и организирање на комуналните дејности во границите на Зоната („Службен гласник на Општината Битола" бр. 05/2011) и тоа:

Во членот 9 после ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Заедничките трошоци за секој инвеститор кој започнува со работа и се дефинирани во член 9 од овој Правилник се тарифираат месечно од денот на започнување со работа на изградениот капацитет и ќе изнесуваат:

2,2 денари / по м2 – купено земјиште – месечен надоместок.

Член 2

Во член 11 став 1 алинеа 4 се брише и се додаваат две нови алинеа кои гласаат:

- „Надоместок за одржување на канализационата инфраструктура: 15 денари / м3 потрошена вода – месечен надоместок" и
- „Надоместок за одржување и нормално функционирање на пречистителната станица: 15 денари / м3 потрошена вода – месечен надоместок".

Член 3

Правилникот влегува во сила по усвојувањето од страна на Советот на Општината Битола и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

ЈП СИЗ ЖАБЕНИ
Директор
М-р Сашо Илковски

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 128 и 132 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на Директор на Основно училиште„ Коле Канински„ Битола**

1. За Директор на ОУ „Коле Канински„ Битола се избира **Лидија Павловска** ВСС наставник во одделенска настава со положен испит за директор.

2. Мандатот на Директорот трае 4 години

3. Решението да се достави до сите пријавени кандидати на јавниот оглас.

4. Решението влегува во сила по неговата конечност, кога и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Општината донесе Одлука за распишување на Јавен оглас за избор на Директор на основното училиште.
Училишниот одбор распиша Јавен оглас . По објавениот Јавен оглас за избор на Директор во основното училиште - Училишниот одбор ја разгледа пристигнатата документација и достави предлог до Градоначалникот – Одлука за предлог кандидат за избор на Директор бр. 02-140/3 од 11.12.2013 г. со пропратен допис бр. 03-131/7 од 13.12.2013 г пристигнат во Општина Битола на 13 12.2013 г. и заведен со број 08-411/3.
За Директор на основното училиште е предложен и кандидатот **Лидија Павловска** ВСС наставник во одделенска настава со положен испит за директор.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината.
Согласно член 128 и 132 , од Законот за основно образование, Директорот на училиштето го избира Градоначалникот на Општината.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство :** Против ова Решение кандидатите кои не се избрани во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението, имаат право на жалба во однос на спроведување на постапката за избор на Директор **која жалба се доставува преку Градоначалникот на Општината** до **Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.**

**Бр. 08-411/5**
17.12.2013
Битола

**Градоначалник**
**на Општина Битола**
д-р Владимир Талески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 128 , 132, 135 став 4 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на ВД Директор на ОУ „Коле Канински„ Битола**

1. **Се разрешува Елпида Трпковска** досегашен ВД Директор на Основното училиште „Коле Канински„ Битола од функцијата ВД Директор на училиштето заклучно со 31.12.2013 г.

2. Се задолжува разрешениот ВД Директор да изврши примопредавање на должноста со избраниот Директор согласно законските прописи.

3.Ова решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Со Решение за избор на ВД Директор на ОУ „Коле Канински„ Битола бр.08-121/20-2012 од 12.07.2013 година Елпида Трпковска беше избрана за ВД Директор на училиштето.
Со оглед дека по објавениот Јавен оглас за избор на Директор во училиштето, донесено е Решение за избор на Директор и истото е конечно се одлучи како во диспозитивот.

Примерок од решението да се достави до архивата на основното училиште, архивата на општинската администрација и на разрешениот ВД Директор .

**Упатство за правно средство :** Против ова Решение разрешениот ВД Директор има право на жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението, **која жалба се доставува преку Градоначалникот на Општината** до **Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.**

Бр.08-411/7
01.01. 2014 год.
Битола

ОПШТИНА БИТОЛА,
Г р а д о н а ч а л н и к,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02, и член 120 став 9 и член 123 став 13 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ„ 23/13) - Градоначалникот на Општината Битола донесе

## РЕШЕНИЕ
за избор на Директор на Јавната општинска установа
за деца Детска градинка „Естреа Овадија Мара„ Битола

1. За Директор на ЈОУ за деца Детска градинка „Естреа Овадија Мара„ Битола се избира **Лидија Петровска ВСС VII/1 Дипломиран правник** .

2. Мандатот на Директорот трае 4 години

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

## Образложение

Управниот одбор на ЈОУ за деца Детска градинка „Естреа Овадија Мара„ распиша јавен оглас за избор на Директор на установата.
Установата достави допис бр. 04-419/1 од 23.12.2013 до Градоначалникот, во прилог со Одлука од Управниот одбор бр. 02-416/4 од 20.12.2013. како и повторен допис бр. 03-9/1 од 10.01.2014 г. во прилог со Одлука бр. 02-8/3 од 10.01.2014 година во која Одлука за кандидат за избор за Директор се утврдува и се предлага Лидија Петровска досегашен Директор на установата , кој воедно е и единствен кандидат пријавен по јавниот оглас.

Согласно член 50 од Законот за локална самоуправа Градоначалникот избира Директори на јавни служби кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс. Согласно член 123 став 13 од Законот за заштита на децата Градоначалникот на Општината е должен во рок од пет дена од добивањето на предлогот да го избере кандидатот предложен од управниот одбор.

Мандатот на Директорот трае 4 години.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

Бр. 08-1260/8-2013
14.01.2014.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/02), и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола„ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола, бр. 08-1001/1 од 17.05.2010 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола, бр. 08-636/1 од 15.03.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола, бр. 08-893/1 од 01.04.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола, број 08-2070/1 од 02.09.2011 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола, број 01-159/1 од 25.01.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола, број 01-03/1 од 05.03.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола, број 01-04/1 од 28.05.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-06/1 од 25.07.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-07/1 од 06.12.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола, број 01-03/1 од 18.02.2013 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-05/1 од 20.08.2013 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола, број 01-06/1 од 28.11.2013 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола, број 01-07/1 од 03.12.2013 година, ( „Службен гласник на Општината Битола" бр.7/10 , бр. 5/11 , 6/11 , 12 /11 ,02/12, 03/12 ,06/12 , 10/12, 15/12, 4/13, 13/13 и 17/13) и тоа во член 5, Сектор за правно -нормативни, административни и општи работи, Одделение за правно - нормативни работи, после работно место под реден број „7. Седници на комисии и превод на текстови, „ се додава ново работно место „ 7а. Материјали за седници на Совет„ кое гласи:

**„7а. Назив на работното место:** **Материјали за седници на Совет**
**Звање:** Помлад референт
**Одговара пред:** Раководителот на одделението
**Цел на работното место:** Поддржување на спроведувањето на работите од делокругот на одделението, преку вршење на наједноставни административни работи и задачи за Советот на општината и неговите тела.
**Главни работни должности:**

- учествува и помага во извршувањето на работи и задачи кои се вршат во Оддлението во кое е распореден, а кои се однесуваат на подготвителни административни работи со упатства и надзор од раководителот на Одделението;
- учествува во изготвувањето на потсетници за работата на седниците на Советот;
- помага во подготвување и обработување на документација по утврдена методологија;
- помага во изготвување на записници од одржаните седници на Советот, учествува во изготвувањето на мислења, заклучоци, решенија и одлуки по предлози на општи и други акти и материјали кои се разгледани на седниците на Советот;
- учествува и помага во обликувањето и подготвувањето на актите донесени на седниците на Советот за нивно објавување;
- учествува во спроведувањето на оригиналните акти што произлегуваат од седниците на Советот;
- и врши и други работи што ќе му бидат доверени.

**Посебни услови:**

- IV степен Средно образование;
- Без работно искуство;
- работа со компјутер;
- способност за тимска работа;
- иницијативност, креативност, доверливост;

**Број на извршители: 1„**

**Член 2**

Во член 5, Сектор за правно нормативни, административни и општи работи, Одделение за административни и општи работи, работното место под реден број „10а Упатување на ѓраѓаните странки„ во делот број на извршители бројот „1„ се менува со бројот „2„.

**Член 3**

Во член 5, Одделение за управување со човечки ресурси, работното место под реден број „113. Персонална евиденција„ во делот на посебните услови зборовите „ IV ССС средно економско училиште – правен техничар„ се заменуваат со зборовите „ IV- степен Средно образование„.

**Член 4**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот и тоа:

**1А. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНО НОРМАТИВНИ РАБОТИ**

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на изврши тели | Вид и степен на образование | Работно искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 7а | Материјали за седници на Совет | Помлад референт | 1 | IV- степен Средно образование работа со компјутер; -способност за | Без работно искуство |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | тимска работа;<br>- иницијативност, креативност, доверливост | |

**1Б. ОДДЕЛЕНИ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ И ОПШТИ РАБОТИ**

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на изврши тели | Вид и степен на образование | Работно искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 10а | Упатување на граѓани /странки | Самостоен референт | 2 | VI -степен Више или IV- степен средно образование ефективна орална комуникација , одлични интерперсонални вештини, управување со стресни ситуации | Најмалку 3 години во струката |

**7. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ**

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на изврши тели | Вид и степен на образование | Работно искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 113 | Персонална евиденција | Самостоен Референт | 1 | IV- степен Средно образование работа со компјутер способност за тимска работа | Најмалку 3 г. Во струката |

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола„ а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Агенцијата за администрација.

**Бр.01-01/1**
30.01.2014.
Битола

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општината Битола
д-р Владимир Талески

# С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за прифаќање Информацијата за активностите на Градоначалникот и извршување на одлуките на Советот на Општината за период јули-декември 2013 г. .......... 1

О Д Л У К А за утврдување максималниот број на такси возила со кои може да се врши авто такси превоз на патници на подрачјето на Општината Битола .......... 2

ОДЛУКА за определување на висината на благајничкиот максимум .......... 3

П Р О Г Р А М А за определување критериуми за доделување на финансиска помош од Буџетот на Општината Битола за одредени категории на физички лица .......... 4

О Д Л У К А за прифаќање на иницијатива за изработка на УП за село Карамани - Општина Битола .......... 5

О Д Л У К А За прифаќање на иницијатива за изработка на ДУП за Блок „Стар Прогрес“- Општина Битола, .......... 5

О Д Л У К А за утврдување потреба од изработување на Локална Урбанистичка Планска документација за изградба на угостителски објект со намена Б3, м.в. „Коривче“ КО Нижеполе - Општина Битола .......... 6

О Д Л У К А за утврдување Нацрт ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 2 дел БЛОК 5 И БЛОК 6 - Општина Битола .......... 7

О Д Л У К А за прифаќање на иницијатива за изработка на ДУП за „Градски Пазар“ - Општина Битола .......... 7

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Олевени во идна урбанистичко планска документација .......... 8

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Нижеполе во идна урбанистичко планска документација .......... 9

О Д Л У К А За утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Горно Орехово во идна урбанистичко планска документација .......... 10

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Долно Оризари во идна урбанистичко планска документација .......... 11

З А К Л У Ч О К за усвојување Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за користење на просторот во зоната во текот на градбата, по завршувањето на истата како и организирање на комуналните дејности во границите на зоната .......... 11

П Р А В И Л Н И К за измена и дополнување на Правилникот за определување на обемот на уредување и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура, начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост и начинот на здружување и насочување на средствата за уредување на земјиштето во Општина Битола.. 12

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија-Мара“ Битола за работа на воспитните групи со поголем број на деца во ДГ „Пролет“, ДГ „Снегулка“, ДГ „Вангел Мајоро“, ДГ „Росица“ и ДГ „Колибри“.......... 13

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОСМУ„Д-р Јован Калаузи“Битола .......... 14

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОЕУ „Јане Сандански“ Битола .......... 14

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Управниот одбор на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара“ Битола од редот на вработените .......... 15

Р Е Ш Е Н И Е за дополнување на Решението за формирање на Партиципативно тело за просторно и урбанистичко планирање на Општината Битола ............................................ 15

П Р А В И Л Н И К за измена и дополнување на Правилникот за користење на просторот во Зоната во текот на градбата, по завршувањето на истата како и организирање на комуналните дејности во границите на зоната .. 16

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Основно училиште „Коле Канински“ Битола .... 17

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на ВД Директор на ОУ „Коле Канински“ Битола ........ 18

Р Е Ш Е Н И Е за избор на Директор на Јавната општинска установа за деца Детска градинка „Естреа Овадија Мара“ Битола........... 19

П Р А В И Л Н И К за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола.................................................................. 20

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211